Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Врз основа на член 41 и 47 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/06, 35/08, 1650/10, 83/18 и 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.96/19) и член 51 од Законот за Судскиот совет на РСМ ("Службен весник на РСМ" бр.102/19) Судскиот совет на Република Северна Македонија објавува

**О Г Л А С**
**за избор на претседател на Основен кривичен суд Скопје**

Сите кандидати освен условите предвидени во членот 45 од Законот за судовите, за претседател на суд треба да ги исполнуваат и посебните услови :

- да имаат најмалку шест години непрекинат судиски стаж во суд од ист или повисок степен; и

-од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија да се оценети со позитивна оцена .

Кон пријавата приложуваат и програма за работа во текот на мандатот со акциски план за спроведување на програмата.

Заинтересираните кандидати потпишана пријава заедно со потребната документација во оригинал или заверена фотокопија на нотар да ги достават до Судскиот совет на Република Северна Македонија на ул. Македонија бр.5 Скопје во рок од 15 дена од објавувањето во "Службен весник на РСМ" и тоа :

-Потврда за непрекинат судиски стаж од шест години во суд од ист или повисок степен;

-Последна оцена од Судскиот совет на Република Северна Македонија; и

-Програма за работа со Акциски план за спроведување на програмата.

Образецот за пријава може да се подигне во електронска форма на веб страната на Судскиот совет на Република Северна Македонија http://www.sud.mk/wps/portal/ssrm/su/izvestai/ostanati-dokumenti/

Ненавремените и некомплетните пријави нема да се разгледуваат.

бр.09-1652/2
09.07.2025 година
Скопје

СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
м-р Александар Камбовски